# ЕДУКАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА ПРАВНИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ




**ХЕЛП**
Европска програма
за Човекови права
Едукација за Правни
Професионалци

Финансирана од Трустот
за човекови права
и Советот на Европа

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# ПРОГРАМАТА „ХЕЛП“

Европската програма за едукација за човекови права за правни професионалци („ХЕЛП“) ги поддржува земјите-членки на Советот на Европа при спроведувањето на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) на национално ниво во согласност со Препораката (2004) 4 од Комитетот на министри, Брајтонската декларација од 2012 година и Резолуцијата 1982 (2014) на Парламентарното собрание.

Ова се врши преку унапредување на капацитетот на судиите, адвокатите и обвинителите во сите 47 земји-членки да ја применуваат ЕКЧП во секојдневната работа.

## МРЕЖАТА „ХЕЛП“

Мрежата „ХЕЛП“ се состои од претставници од националните институции за обука на судии и обвинители и адвокатски здруженија од 47 земји-членки од Советот на Европа. Европската мрежа за едукација за човекови права со рамноправен пристап за сите учесници се состанува на годишно ниво и ги разменува најдобрите практики, има советодавна улога и усвојува Патоказ со приоритетни теми што ќе бидат разработувани во идниот наставен план и материјали на ХЕЛП.

## СОВЕТОДАВНИОТ ОДБОР НА ХЕЛП

Советодавниот одбор на ХЕЛП претставува тело назначено од Мрежата „ХЕЛП“ што редовнообезбедува советодавна поддршка за Секретаријатот на ХЕЛП.

Се состои од шест члена именувани од редот на претставниците на Мрежата „ХЕЛП“.

## ЕДУКАТИВНИ РЕСУРСИ НА ХЕЛП

Веб страната на ХЕЛП претставува платформа за учење од далечина и за самостојно учење на ЕКЧП и на европските стандарди за човекови права.

Ресурсите за учење од далечина се достапни за одбрана група на правни професионалци што учествуваат во пилот-курсеви модерирани од страна на националните едукатори.

Ресурсите за самостојно учење се достапни за секој корисник доколку креира конто на http://help.ppa.coe.int/login. Едукативните материјали за секој член од ЕКЧП, како и конкретни теми од областа на човековите права се достапни на разни јазици.

Уредувачкиот одбор на ХЕЛП е одговорен да ги ажурира едукативните ресурси и да го обезбедува нивниот квалитет.

Веќе се достапни ресурси за следниве теми:

- Критериуми за допуштеност на апликации поднесени пред Европскиот суд за човекови права
- Антидискриминаторски прашања
- Азил и ЕКЧП
- Бизнисот и човековите права
- Хемиски прекурсори
- Санкции во рамките на заедницата и алтернативни мерки на притворот
- Фалсификување на медицински производи и кривични дела против јавното здравје
- Семејно право и правда наклонета кон детето
- Кривични дела од омраза и говор на омраза
- Меѓународна соработка во кривичната материја
- Вовед во ЕКЧП
- Трговија со луѓе

## ФОКУСНИ И ИНФОРМАЦИСКИ ТОЧКИ ЗА ХЕЛП

Со цел да се зајакне Мрежата „ХЕЛП“ се назначуваат домашни експерти коишто дејствуваат како врска меѓу соодветната национална институција и Секретаријатот на ХЕЛП и ги дистрибуираат ресурсите за ХЕЛП при домашни настани. Фокусните точки на ХЕЛП се поврзуваат со националните институции за обука на судии и обвинители и со Инфо точките на ХЕЛП со адвокатските здруженија.

## ХЕЛП НА 47 ВЕБ-СТРАНИЦИ

Новостите за обука за ЕКЧП за сите правни професионалци во 47 земји-членки од СЕ се достапни на 47 веб-страници на ХЕЛП (http://www.coe.int/help).

Новостите за ХЕЛП во конкретна земја и за активностите поврзани со спроведувањето на човековите права на национално ниво се достапни на националните страници на ХЕЛП, а ги ажурираат Фокусните и Инфо точките на ХЕЛП.

## МЕТОДОЛОГИЈАТА НА ХЕЛП

Методологијата на ХЕЛП, заснована врз принципот на отворена едукација, го зема предвид временскиот притисок со кој се соочуваат правните професионалци.

Едукативните ресурси се креирани од меѓународни експерти и се приспособуваат кон конкретниот домашен правен поредок. Оттаму, ги исполнуваат специфичните потреби за обука на правните професионалци и овозможуваат флексибилност.

## ТРУСТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Програмата „ХЕЛП“ е главно финансирана од Трустот за човекови права (ТЧП).

ТЧП е формиран во март 2008 година од Норвешка, иницијатор и основоположник, Советот.

На Европа и БРСЕ – Банката за развој на Советот на Европа.

Од неговото формирање кон ТЧП се приклучија Германија, Холандија, Финска, Швајцарија и Обединетото Кралство.

## ПАРТНЕРИ НА ХЕЛП

- Европска мрежа за обука на судии (ЕЈТН)
- Меѓународни здруженија на судии
- Европскиот совет на здруженија на адвокати и правници (ЦЦБЕ)
- Европската федерација на адвокатски комори (ФБЕ)
- Европскиот суд за човекови права
- Националните здруженија на судии и обвинители
- Професионалните здруженија на адвокати, мрежи за правна помош и правни клиники специјализирани за човекови права
- Фондацијата „Мемоар Албер Коен“

## СОВЕТ НА ЕВРОПА

Генерален директорат за човекови права и владеење на правото (ДГИ)

Директорат за човекови права

Сектор за развој на политики од областа на човековите права

Единица за поддршка на спроведувањето на човековите права на национално ниво

67075 Стразбур Седекс

**www.coe.int/help**

PREMS 181714

MAC

www.coe.int

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 47 држави членки, од кои 28 се истовремено и членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE